**20141093180**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА СТАНБЕН КРЕДИТ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за субвенционирање на станбен кредит,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 15 јули 2014 година.

Бр. 07-2833/1
15 јули 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА СТАНБЕН КРЕДИТ**

Член 1

Во Законот за субвенционирање на станбен кредит („Службен весник на Република Македонија“ број 158/11, 24/13 и 43/14), во членот 9 став (2) процентот „4,99%“ се заменува со процентот „3,95%“.

Во ставоот (3) зборовите: „се зголеми најмногу за 10% од утврдениот износ во ставот 2 на овој член“ се заменуваат со зборовите: “изнесува најмногу до 4,44% годишно“.

Член 2

Деловните банки имаат право на надоместок на разликата на износот на намалената каматна стапка за субвенциониран станбен кредит кој го одобруваат на физичко лице, согласно овој закон.

Средствата за надоместокот од ставот 1 на овој член ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија, преку Министерството за финансии годишно однапред, по претходно доставена документација од деловните банки.

Начинот на пресметка на надоместокот од ставот 1 на овој член ќе се утврди во договорот од членот 8 став (4) од Законот за субвенционирање на станбен кредит („Службен весник на Република Македонија“ број 158/11, 24/13 и 43/14).

Средствата за надоместокот од ставот 1 на овој член се неповратни во случај на редовна отплата на субвенционираниот кредит.

Во случај на наплата на субвенционираниот кредит во постапка за присилна наплата, односно извршување, надоместокот од ставот 1 на овој член доспева за наплата заедно со субвенционираниот кредит и корисниците се должни да го вратат веднаш на Министерството за финансии преку деловната банка.

Во случај на предвремена доброволна отплата на субвенционираниот станбен кредит пред истекот на десеттата година од отплатата на кредитот, надоместокот од ставот 1 на овој член достасува за наплата заедно со субвенционираниот станбен кредит и корисниците се должни да го вратат веднаш на Министерството за финансии преку деловната банка.

По исклучок од ставот 4 на овој член, во случај на предвремена доброволна отплата на субвенционираниот станбен кредит по истекот на десеттата година од отплатата на кредитот, средствата за надоместокот од ставот 1 на овој член се неповратни, односно корисниците не ги враќаат на Министерството за финансии преку деловната банка.

Член 3

Постапките започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат согласно со одредбите од законот по кој се започнати.

Член 4

Се овластува Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за субвенционирање на станбен кредит.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.